TRANSPARENCY INTERNATIONAL

ТРАНСПАРЕНТНОСТ НУЛТА КОРУПЦИЈА
TRANSPARENCY ZERO CORRUPTION

# Глобален корупциски барометар 2010

Глобалниот корупциски барометар (Барометарот) на Transparency International (TI) е најголемото глобално истражување кое ги прибира мислењата и искуствата на пошироката јавност во врска со корупцијата. Во 2010 година Барометарот вклучува повеќе од 91.500 испитаници во 86 земји, правејќи го ова истражување за најсеопфатно од почетокот на изданието во 2003 година, па досега. Барометарот ги истражува ставовите на пошироката јавност во врска со степенот на корупција во нивната земја и напорите на нивните влади за борба против корупцијата. Барометарот за 2010 исто така го истражува степенот на зачестеност на поткупот, причините за плаќање поткуп во изминатата година, како и спремноста за пријавување на инциденти поврзани со корупција.

Барометарот ги надополнува ставовите на националите аналитичари и бизнисмени чии мислења се претставени преку Индексот на перцепција на корупцијата[1] и Индексот на плаќачи на поткуп[2] на TI. Барометарот ги прибира ставовите на пошироката јавност за тоа какво влијание има корупцијата врз клучните институции. Барометрот за 2010 исто така истражува во кого луѓето имаат најмногу доверба во водењето на борбата против корупцијата во нивните држави.

Прашањата во Барометарот варираат од година во година, при што одредени прашања ротираат и се присутни во одредени години, додека пак други прашања се појавуваат еднаш или во нередовни интервали. Како резултат, временските споредби се ограничени на оние прашања кои биле вклучени во две или повеќе изданија. Генералниот пристап кон споредувањето во врска со Барометарот за 2010 година е да се споредат резултатите од оваа година со предходните расположиви резултати за истите прашања. Во сите случаи, годините кои се споредуваат се нотирани во графичката табела и се дополнети со анализите за промените кои настанале со текот на времето.

Јавното мислење за корупцијата е од исклучително значење. Тоа нуди исклучително битен увид во тоа како корупцијата влијае врз човечките животи ширум светот. Transparency International верува дека е важно да ги прикаже перцепциите на пошироката јавност во врска со корупцијата бидејќи јавноста најмногу ги чувствува директните и индиректнитте последици од корупцијата ширум светот. Во исто време, Transparency International ја охрабрува јавноста да превземе активна улога во борбата против корупцијата и подобрувањето на владеењето. За остварување на оваа цел, овогодинешното издание на Барометарот за прв пат ја истражува спремноста на луѓето да се вклучат во борбата против корупцијата.

[1] За повеќе детали посетете ја следнава страница: www.transparency.org/policy_research/surveys_indices/cpi/2010

[2] За повеќе детали посетете ја следнава страница: www.transparency.org/policy_research/surveys_indices/bpi

Седмото издание на Барометарот нуди уникатна можност за истражување на тоа како перцепциите за корупција и поткуп на луѓето се промениле со текот на времето во различни земји[3].

Главните резултати од Барометарот за 2010 се:

- Нивоата на корупција во светот се смета дека се покачиле во последните три години
    - Околу шест од 10 луѓе пријавиле дека нивото на корупција со тек на време забележало пораст во нивната земја;
    - Најголемиот пораст е забележан во одговорите на испитаниците од Северна Америка и Европската Унија (ЕУ)[4]
- Политичките партии се идентификувани како најкорумпираните институции ширум светот
    - Осум од 10 луѓе сметаат дека политичките партии се корумпирани или исклучително корумпирани, а веднаш после нив се граѓанските услуги, судството, парламентите и полицијата;
    - Со тек на времето, јавното мислење за политичките партии се влошило, додека пак мислењето за судството се подобрило;
- Ситниот поткуп останува широко распространет проблем за кој може да се заклучи дека не се променил ако се направат споредби со истражувањето од 2006 година
    - Полицијата е идентификувана како најчестиот примач на поткуп во последните 12 месеци. Кај полицијата исто така се забележува најголем пораст на инциденти поврзани со поткуп во последните 12 месеци врз основа на мислењата на испитаниците;
    - При испитувањето на девет служби, се оценува дека луѓето кои имаат пониски примања е поверојатно дека ке платат поткуп во споредба со луѓето кои имаат повисоки примања;
    - Како причина која најчесто се дава за оправдување при плаќањето поткуп е избегнувањето проблеми со властите.
- Владините акции за борба против корупцијата често се сметаат за неефективни
    - Ширум светот, еден од двајца смета дека владините активности за спречување на корупцијата се неефективни;

[3] Резултатите за секоја земја посебно наведени во Анекс Д се особено богат извор на информации кои укажуваат на погледите за, и искуствата во врска со корупција. Го охртабруваме деталното испитување на овие резултати со цел да се воспостават цели за акции во области на земјите во кои итни акции се потребни

[4] За регионални групирања погледнете ја табелата подолу

- o Иако погледите се немаат генерално променето низ годините, сепак мислењата за владините напори се влошиле во пацифичка Азија, Латинска Америка и супсахарска Африка, а се подобриле во поранешните републики на СССР, Монголија и во Северна Америка;

- Има малку доверба во формалните институции при борбата против корупцијата

  - o Еден од четворица во светот не и верува исклучително на ниту една конкретна институција во борбата против корупцијата;

  - o Околу еден од четворица верува дека медиумите или владата можат најмногу да придонесат во борбата против корупцијата.

- Постои значително влијание дека јавноста има улога во запирањето на корупцијата, како и спремност за акција и пријавување на корупција кога истата ќе настане

  - o Седум од 10 испитаници веруваат дека обичните луѓе можат да направат разлика во борбата против корупцијата,  додека пак половина можат да се замислат себе си како учесници во борбата;

  - o Луѓето се спремни да пријават корупција на властите: седум од 10 луѓе изјавиле дека би пријавиле случај на корупција. Спремноста за пријавување корупција е понагласена во Америка и во ЕУ.

Во прилог се регионалните класификации кои се користени во Барометарот за 2010:

## Regional Classification

| Asia Pacific | EU+ | Latin America | Middle East&North Africa | North America | NIS+ | Sub-Saharan Africa | Western Balkans + Turkey |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Afghanistan | Austria | Argentina | Iraq | Canada | Armenia | Cameroon | Bosnia & Herzegovina |
| Australia | Bulgaria | Bolivia | Israel | United States | Azerbaijan | Ghana | Croatia |
| Bangladesh | Czech Republic | Brazil | Lebanon | | Belarus | Kenya | Republic of Macedonia |
| Cambodia | Denmark | Chile | Morocco | | Georgia | Liberia | Kosovo |
| China | Finland | Colombia | Palestine | | Moldova | Nigeria | Serbia |
| Fiji | France | El Salvador | | | Mongolia | Senegal | Turkey |
| Hong Kong | Germany | Mexico | | | Russia | Sierra Leone | |
| India | Greece | Peru | | | Ukraine | South Africa | |
| Indonesia | Hungary | Venezuela | | | | Uganda | |
| Japan | Iceland | | | | | Zambia | |
| Korea (South) | Ireland | | | | | | |
| Malaysia | Italy | | | | | | |
| New Zealand | Latvia | | | | | | |
| Pakistan | Lithuania | | | | | | |
| Papua New Guinea | Luxembourg | | | | | | |
| Philippines | Netherlands | | | | | | |
| Singapore | Norway | | | | | | |
| Solomon Islands | Poland | | | | | | |
| Taiwan | Portugal | | | | | | |
| Thailand | Romania | | | | | | |
| Vanuatu | Slovenia | | | | | | |
| Vietnam | Spain | | | | | | |
| | Switzerland | | | | | | |
| | United Kingdom | | | | | | |

1. **Ставовите ширум светот: Корупцијата се зголемила во изминатите три години**

Степенот на корупција се покачил во изминатите три години сметаат испитаниците на Барометарот за 2010 година. Нешто повеќе од поливината од испитаниците сметаат дека корупцијата се зголемила, додека пак тројца од десетмина, сметаат дека степенот на корупција останал непроменет во изминатите три години. Само еден од седум испитаници смета дека степенот на корупција се намалил во изминатите три години. Жените почесто од мажите биле на мислење дека нивото на корупција се покачило во изминатите три години ( 60 % наспроти 52 %).

Постојат регионални разлики во перцепцијата на промените во степенот на корупција. Додека повеќе од 2/3 од испитаниците во ЕУ и Северна Америка се на мислење дека постои пораст на корупцијата во изминатите три години, оваа бројка е помала од половина во пацифичка Азија и поранешните републики на СССР и Монголија ( Графикон 1). Во секој случај, дури и во овие два региона, испитаниците три пати повеќе изјавуваат дека постои пораст на корупцијата отколку намалување на истата ( погледнете ја Табела 1).

**Figure 1 Changes in corruption levels in the past three years, by region**




Source: Transparency International Global Corruption Barometer 2010. Percentages are weighted.

### 1.1 Сектор или институција која е најмногу засегната од корупција: политичките партии

Барометарот за 2010 содржи прашања за мислењата на испитаниците за степенот до кој секторите и институциите во нивната земја се засегнати од корупција. Листата го вклучува граѓанскиот сектор[5], образовниот систем, судството, медиумите, војската, невладините организации, парламентот, полицијата, политичките партии, приватниот сектор и религиозните тела.

Глобално, политичките партии се најмногу засегнати од корупцијата: околу 80 % од сите испитаници сметаат дека партиите се или корумпирани или екстремно корумпирани. После нив следи глупата на јавни службеници, парламенти и  полиција. Третата група на институтции се состои од приватниот сектор, религиозните тела, судството, медиумите и образовниот систем. Испитаниците ширум светот сметаат дека војската и невладините организации се најмалку корумпирани, но сепак околу 30 % сметаат дека тие се корумпирани или екстремно корумпирани ( Графикон 2).

**Figure 2** Perceived levels of corruption in key institutions, worldwide




Source: Transparency International Global Corruption Barometer 2010. Percentages are weighted. Colour of the institutions represents the groups identified by cluster analysis, and indicates that there is a statistical difference between them.

[5] Прашањето се однесува на јавните службеници или државните службеници.

Графиконот 3 ги прикажува ставовите на луѓето за тоа дека влијанието на корупцијата врз клучните сектори не се променило значително со текот на времето. Во 2010 година, исто како и во 2004 година, на врвот на листите се наоѓаат политичките партии, а на дното се сместени невладините организации и војската. Сепак, религиозните тела и политичките партии бележат највисок степен на пораст за влијание од корупција со текот на времето. Ставовите за невладините организации и за приватниот сектор сепак се влошиле. Значајно е да се спомене и дека јавното мислење за судството се подобрило: бројот на оние кои судството го сметаат за корумпирано или за екстремно корумпирано се намалил за 10 %.

**Figure 3 Corruption affecting key institutions/sectors, comparison over time, overall results**




Source: Transparency International Global Corruption Barometer 2004 and 2010. Percentages are weighted. Only countries included in both editions are used in the analysis.

## 2. Искуствата на луѓето со ситниот поткуп: еден од четворица во светот платил поткуп

Барометарот за 2010 година ги истражува искуствата во врска со ситниот поткуп помеѓу пошироката светска јавност прашувајќи повеќе од 77,000 корисници на девет различни основни служби дали требало да платат поткуп при нивната комуникација со овие служби[6]. Како и изминатите изданија на Барометарот, така и изданието за 2010 го испитува поткупот во

[6] Барометарот ги исклучува оние испитаници кои не изјавиле дека имаат контакти со основните служби. Со други зборови, само оние кои имаат контакт со службите биле испитани дали платиле поткуп додека комуницирале со нив.

случаите кога луѓето имаат контакт со царината, образованието, судството, земјишните услуги[7], медицинските услуги, полицијата, регистрите и службите за издавање дозволи[8], даночната администрација и други служби. Еден од четворица корисници на овие услуги пријавил плаќање на поткуп во последните 12 месеци.

Групата на земји кои забележале највисок степен на ситен поткуп ги вклучува: Авганистан, Бангладеш, Камбоџа, Камерун, Индија, Ирак, Либерија, Нигерија, Палестина, Сенегал, Сиера Леоне и Уганда[9]. (Табела 1 која е прикажа подолу ги покажуваат комплетните резултати).

**Table 1 Percentage of respondents who report paying bribes in the past year to different service providers, by country[10]**

<table>
<tr><td rowspan="6">% of respondents who report paying a bribe to receive attention from any of nine different service providers in the past 12 months</td><td></td><td>Country/Territory</td></tr>
<tr><td>Group 1: 50 per cent or more</td><td>Afghanistan, Bangladesh, Cambodia, Cameroon, India, Iraq, Liberia, Nigeria, Palestine, Senegal, Sierra Leone, Uganda.</td></tr>
<tr><td>Group 2: Between 30 and 49.9 per cent</td><td>Azerbaijan, Bolivia, El Salvador, Ghana, Kenya, Lebanon, Lithuania, Mexico, Moldova, Mongolia, Pakistan, Ukraine, Vietnam, Zambia.</td></tr>
<tr><td>Group 3: Between 20 and 29.9 per cent</td><td>Armenia, Belarus, Bosnia & Herzegovina , Chile, Colombia, FYR Macedonia, Hungary, Papua New Guinea, Peru, Romania, Russia, Solomon Islands, Thailand, Turkey, Venezuela.</td></tr>
<tr><td>Group 4: Between 6 and 19.9 per cent</td><td>Argentina, Austria, Bulgaria, China, Czech Republic, Fiji, France, Greece, Indonesia, Italy, Japan, Kosovo, Latvia, Luxembourg, Poland, Philippines, Malaysia, Serbia, Singapore, Taiwan, Vanuatu.</td></tr>
<tr><td>Group 5: Less than 6 per cent</td><td>Australia, Brazil, Canada, Croatia, Denmark, Finland, Georgia, Germany, Hong Kong, Iceland, Ireland , Israel, Korea (South), Netherlands, New Zealand, Norway, Portugal, Slovenia, Spain, Switzerland, United Kingdom, United States.</td></tr>
</table>

Source: Transparency International Global Corruption Barometer 2010. Percentages are weighted. Figures are calculated for those respondents who came in contact with the services listed and paid a bribe to any of the providers. Groups were defined using cluster analysis. The result for Malaysia was calculated for 8 services instead of 9 because the question about tax administration was not included in the survey. Morocco is not included in the table due to their low reported contact rate with most services and South Africa was not included because of data validity concerns regarding this question.

Како и изминатите години, така и Барометарот за 2010 година покажува дека помладите луѓе се поспремни да платат корупција во споредба со постарите луѓе. Околу 35 % од оние кои што пријавиле дека платиле поткуп во изминатата година се на возраст од 30 години или се помлади, додека пак 21 % на возраст од 65 или повеќе години пријавиле сличен настан (Табела 2). Барометарот за 2010 не забележува значителна полова разлика во пријавувањето на ситна корупција. Овде може да се забележи разлика во споредба со предходните изданија каде што

[7] Услуги поврзани со купување, продавање, наследување и изнајмување на земјиште.

[8] Услугите кои се овде вклучени ги опфаќаат граѓанските регистри за родени, бракови, лиценци и дозволи.

[9] Групите се избрани преку користење на кластерски анализи.

[10] Службите вклучуваат: царина, образование, судство, медицински услуги, полиција, земјишни служби, регистри и служби за издавање дозволи, даночни служби и услуги.

испитувањата покажуваа дека е помала веројатноста за жените да пријават плаќање поткуп (Анекс Д).

**Table 2 Percentage of people who report paying bribes to different service providers[11] in the past 12 months, by age group.**

| Age Group | Percentage |
|---|---|
| **Total Sample** | **25%** |
| Under 30 | 35% |
| 30 - 50 | 22% |
| 51 - 65 | 18% |
| 65 + | 21% |

Source: Transparency International Global Corruption Barometer 2010. Percentages are weighted.

### 2.1 Ситен поткуп: полицијата на врвот на листата

Полицијата е на врвот на институциите за кои најчесто се изјавило дека се примачи на поткуп. Како што покажува Графикон 4 подолу, тројца од 10 од оние испитаници кои имале контакт со полицијата ширум светот изјавиле дека платиле поткуп. Судството, регистрите и издавачите на дозволи се наредни на листата. На крајот на листата, со помалку од пет проценти на случаи со поткуп, се оние кои имале контакт со даночната администрација.

[11] Службите вклучуваат: царина, образование, судство, медицински услуги, полиција, земјишни служби, регистри и служби за издавање дозволи, даночни служби и услуги.

.

**Figure 4 Percentage of people who report paying a bribe in the previous 12 months, by service**




Source: Transparency International Global Corruption Barometer 2010. Percentages are weighted and calculated for respondents who came in contact with the services listed. Colour of the institutions represents the groups identified by cluster analysis and indicates that there is a statistical difference between reported levels of bribery by service.

Се забележува постоење на регионални разлики. Барометарот за 2010 покажува дека испитаниците во пацифичка Азија и Латинска Америка пријавуваат поголем број на случаи на поткуп при контактите со судството. Супсахарска Африка пријавува највисоко ниво на поткуп во регистрите и службите за издавање дозволи- скоро на исто ниво со поткуп во полицијата. Јавноста во земјите на ЕУ наведува дека царината е службата која најмногу подлежи на корупција, додека пак тоа во Северна Америка се земјишните служби. Сепак во овие два региони целокупната стапка на корупција останува ниска ( Табела 3).

**Table 3 Percentage of people who report paying a bribe in the past 12 months, by service/institution and region**

| Service provider | Asia Pacific | EU+ | Latin America | Middle East and North Africa | NIS+ | North America | Sub-Saharan Africa | Western Balkans+ Turkey | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Police | 18% | 4% | 19% | 37% | 38% | 4% | 44% | 15% | 31% |
| Registry and Permit Services | 15% | 3% | 12% | 30% | 20% | 5% | 41% | 9% | 22% |
| Judiciary | 27% | 3% | 23% | 30% | 26% | 6% | 20% | 14% | 16% |
| Customs | 8% | 7% | 17% | 23% | 27% | 5% | 13% | 14% | 10% |
| Utilities | 13% | 2% | 9% | 23% | 5% | 3% | 15% | 5% | 9% |
| Medical Services | 10% | 2% | 11% | 21% | 28% | 3% | 13% | 15% | 8% |
| Education System | 10% | 3% | 9% | 23% | 20% | 4% | 8% | 10% | 7% |
| Land Services | 18% | 4% | 11% | 29% | 25% | 8% | 4% | 12% | 7% |
| Tax Revenue | 10% | 2% | 8% | 15% | 10% | 3% | 4% | 7% | 5% |

Source: Transparency International Global Corruption Barometer 2010. Percentages are weighted and calculated for respondents who had contact with the services listed.

## 2.2 Уназадување како резултат на ситниот поткуп

Барометарот за 2010 покажува дека повторно посиромашните луѓе ширум светот се многу почесто под влијание на поткупот. Во осум од девет служби, корисниците чии приходи се ниски многу почесто плаќаат поткуп во споредба со оние кои изјавиле дека имаат повисоки примања. Најголемите разлики постојат при комуницирањето со царината и со регистрите и службите за издавање дозволи, додека пак испитаниците со пониски приходи пријавуваат побројни случаи на корупција ( Графиконот 5).

**Figure 5 Percentage of people who report paying a bribe in the previous 12 months, by income and service**




Source: Transparency International Global Corruption Barometer 2010. Percentages are weighted and calculated for respondents who came in contact with the services listed.

## 2.3 Нема намалување на ситниот поткуп во последните пет години

Барометарот за 2010 овозможува да истражиме како искуствата со ситниот поткуп се промениле со текот на времето. Во врска со ова резултатите се обесхрабрувачки: на глобално ниво, корисниците на седум основни услуги пријавуваат плаќање на ситен поткуп во последното истражување, што претставува слична бројка со степенот на поткуп од пред пет години. Но она што загрижува уште повеќе е резултатот дека на ниво на институција/ служба-бројот на пријавени случаи на поткуп во судството, полицијата и регистрите и службите за дозволи се зголемил во споредба со предходните резултати (Графикот 6).

**Figure 6 Percentage of people who report paying a bribe, comparison over time, by service**




Source: Transparency International Global Corruption Barometer 2006 and 2010 Percentages are weighted and calculated for respondents who came in contact with the services listed. Only countries included in both editions are used for comparison.

Регионални варијации постојат и при пријавувањето на ситниот поткуп. Во земјите од Западен Балкан и Турција, како и во земјите од Супсахарска Африка, испитаниците изјавиле дека поткупот се зголемил. Од друга страна, бројката на поткупи опаднала во пацифичка Азија. (Графикон 7).

**Figure 7 Percentage of people who reported paying bribes, comparison over time, by region**




Source: Transparency International Global Corruption Barometer 2006 and 2010. Percentages are weighted and calculated for respondents who came in contact with the services listed. Only countries included in both editions are used for comparison. The Middle East and North Africa and the Newly Independent States+ regions are not included as there were too few countries from these regions covered by the 2006 Barometer.

### 2.4 Кои се причините за плаќање поткуп? Да се избегнат проблеми со властите, се одговорите на повеќето

За да допринесе кон подлабоко разбирање на искуствата на луѓето со поткупот Барометарот за 2010 истражува која е причината за плаќање поткуп. Барометарот конкретно ги прашува испитаниците да ја селектираат причината поради која последен пат платиле поткуп врз основа на предходно доставена листа. Околу половина од сите испитаници пријавиле дека последниот пат платиле поткуп со цел да избегнат проблеми со властите. Скоро ¼ од испитаниците го навела изразот „забрзување на работите“ како причина за плаќање поткуп. Веднаш зад ова се наведува „ да се добие услуга која што на испитанциите им припаѓа“ како причина за давање поткуп (Табела 4).

Овие збирни резултати покажуваат регионални разлики. Во пацифичка Азија, најчеста причина за поткуп е добивање услуга која што му припаѓа на испитаникот, додека пак во супсахарска Африка причината е избегнување проблеми со властите. Во Блискиот Исток и Северна Африка, Латинска Америка и поранешните републики на СССР и Монголија најчесто споменувана причина е забрзувањето на работите.

**Table 4 Percentage of people by region reporting that the last bribe paid was to…**

| | Asia Pacific | EU+ | Latin America | Middle East and North Africa | North America | NIS+ | Sub-Saharan Africa | Western Balkans +Turkey | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Avoid a problem with the authorities | 12% | 6% | 10% | 9% | 16% | 12% | 67% | 6% | 44% |
| Speed things up | 28% | 15% | 44% | 48% | 9% | 28% | 20% | 21% | 22% |
| Receive a service entitled to | 35% | 8% | 34% | 14% | 6% | 21% | 11% | 15% | 17% |
| Don't know | 20% | 59% | 8% | 20% | 59% | 33% | 1% | 53% | 14% |
| Don't remember | 5% | 12% | 5% | 10% | 10% | 6% | 0% | 5% | 3% |

Source: Transparency International Global Corruption Barometer 2010. Percentages are weighted.

## 3. Перцепции и искуства на јавноста во врска со корупцијата наспроти експретските оценки

Барометарот за 2010 дава можност за разгледување на јавното мислење за корупцијата наспроти погледите на експертите. Индексот на перцепција на корупцијата на Transparency International го мери степенот на воочена корупција во јавниот сектор во земјите ширум светот.[12] Последното издание на Индексот за 2010 година изврши оценка на 178 земји шиум светот, користејќи скала од 10 ( многу „чисти" од корупција) до 0 (високо ниво на корупција). Во спроредба со Глобалниот корупциски барометар кој го рефлектира јавното мислење, Индексот на перцепција на корупцијата ги одразува мислењата на експертите и бизнисмените.

Како што покажува Графикон 8, перцепциите на генералната јавност[13] прикажани во Барометарот за 2010, и перцепциите на експертите во Индексот на перцепција на корупцијата за 2010 година, се поклопуваат[14]. Ова значи дека, во просек, во оние земји каде бизнисмените, аналитичарите и експертите сметаат дека корупцијата е широко распростанета, мислењето со нив го дели и пошироката јавност.

Сепак, има земји и територии каде што овие две перспективи се разликуваат. Во Австралија, Канада, Чиле, Хонг Конг, Ирска, Јапонија, Нов Зеланд, Обединетото Кралство и Соединетите Американски Држави експертите и аналитичарите имаат попозитивно мислење во споредба со мислењето на населението, кое смета дека степенот на корупција во земјата е на повисоко ниво.

[12] За подетални информации за Индексот на перцепција на корупцијата посетете ја следнава страница: http://www.transparency.org/policy_research/surveys_indices/cpi/2010

[13] За да се разбере како се врши споредба на различните перцепции, создаден е просечен резултат за перцепциите на јавноста во врска со корупцијата во пет јавни институции кои се составен дел на едно од прашањата на Барометарот, поточно на прашањето „ до кој степен според вашето согледување следниве сектори/ институции се под влијание на корупција?". Резултатот од ова прашање се споредува со резултатите од Индексот на перцепција накорупцијата за 2010. Како и кај Индексот, така и при мерењето на перцепцијата кај граѓаните се користи скала од 0 до 10, каде што 10 е многу „чист" од корупција, додека пак 0 е високо ниво на корупција.

[14] Корелацијата помеѓу двата индикатори е 0.54 ($p<0.01$).

Спротивно од ова, во Авганистан, Азербејџан, Грузија, Ирак, Мароко и Виетнам поширокata јавност не смета дека корупцијата е толку широко распространета колку што сметаат експертите.

**Figure 8 General public perceptions of corruption in the 2010 Barometer compared to expert perceptions of corruption in the 2010 Corruption Perceptions Index**




Source: Transparency International Global Corruption Barometer 2010 and Corruption Perceptions Index 2010. Each dot represents a country.

Земајќи ја во предвид скриената природа на корупцијата, перцепциите кои им припаѓаат на експертите се цврста основа за претпоставување на реалниот степен на корупција. Барометарот ни овозможува да го истражуваме овој однос преку анализирање на искуствата на луѓето во врска со ситен поткуп[15] и експертските перцепции, како што е прикажано при израмнувањето со Индексот за перцепција на корупцијата (ИПК). ИПК ги рангира земјите на

[15] За да се разбере како перцепциите на експертите се поврзуваат со оние на граѓаните се користи процент на домаќинства кои платиле поткуп при општење со било која од следниве девет служби: царина, образование, судство, медицински услуги, полиција, земјишни служби, регистри и служби за издавање дозволи, даночни служби и услуги.

скала од 10 (многу „чисти“ од корупција) до 0 (високо ниво на корупција). Резултатите покажуваат дека искуствата и перцепциите се тесно поврзани[16]. Со други зборови, оние земји кои од страна на експертите биле оценети како земји со високо ниво на корупција во јавниот сектор соодветствуваат со земјите од кои висок процент од испитаниците на Барометарот изјавиле дека платиле поткуп во последните 12 месеци. ( Графикон 9).

**Figure 9 People's experiences of bribery in the** 2010 **Barometer compared to experts' perceptions of corruption in the 2010 Corruption Perceptions Index**




Source: Transparency International Global Corruption Barometer 2010 and Corruption Perceptions Index 2010. Each dot represents a country. Bangladesh, Morocco, South Africa are not included because of data validity concerns regarding the question on bribery by service

## 4. Владините напори за борба против корупцијата не се сметаат за ефективни, но јавноста е на мислење дека медиумите и владата се круцијални за спречување на корупцијата

### 4.1 Владините напори за борба против корупцијата остануваат неефективни

Барометарот за 2010 истражува како јавноста ги оценува владините напори за борба против корупцијата во нивната земја. Половина од испитаниците изјавиле дека владините

[16] Коефициентот на корелација меѓу ИПК 2010 и процентот на граѓаните кои изјавиле дека платиле поткуп во бароемтарот за 2010 е -0.66 (p,0.01).

напори за борба против корупцијата се неефективни, додека пак тројца од 10 испитаници сметаат дека владините напори се ефективни. (Графикон 10).

**Figure 10 Assessment of government actions in the fight against corruption, overall results**




Source: Transparency International Global Corruption Barometer 2010. Percentages are weighted.

Значителни се разликите при оценките кои испитаниците од различни земји ги даваат за своите влади. Околу седум од 10 испитаници во Азербејџан, Камбоџа, Фиџи, Грузија, Кенија, Луксембург и Сиера Леоне сметаат дека напорите на нивните влади во борбата против корупцијата се ефективни или екстремно ефективни. Спротивно од ова, околу седум од 10 испитаници од Аргентина, Босна и Херцеговина, Канада, Франција, Германија, Грција, Исланд, Латвија, Литванија, Пакистан, Португалија, Романија, Словенија, Шпанија, Обединетото Кралство, Соединетите Американски Држави и Венецуела сметаат дека мерките на нивните влади за борба против корупцијата се неефективни или екстремно неефективни (Табела 4 од Анекс Ц содржи комплетни резултати).

### 4.2 Со текот на времето критиките упатени спрема владините напори остануваат доследни

Генералната оценка на пошироката јавност за владините напори во борбата против корупцијата не е значително променета од година во година. Но, сепак постојат регионални разлики кои вреди да се споменат. Додека помал број на луѓе во пацифичка Азија, Латинска Америка и супсахарска Африка ги оцениле напорите на нивните влади како ефективни во 2010 година во споредба со 2007 година, во поранешните републики на СССР, Монголија и во Северна Америка се бележи спротивен тренд и испитаниците сметаат дека владините напори се подобриле. (Графикон 11).

**Figure 11 Percentage of people who feel their government's anti-corruption efforts are effective, comparison over time and by region**




Source: Transparency International Global Corruption Barometer 2010 and 2007. Percentages are weighted. Only countries included in both editions are used for comparison. No 2007 data for the Middle East and North Africa region are available.

За прв пат Барометарот во 2010 година поставува прашање за тоа кој ја ужива најголемата доверба за да ја води борбата против корупцијата во земјата. Резултатите покажуваат дека досега најголем степен на доверба е забележан кај медиуммите. Но, ¼ од испитаниците изјавиле дека не веруваат ниту на една институција во врска со горенаведеното прашање. Околу еден од 10 испитаници својата доверба ја става во рацете на приватниот сектор, невладините организации[17] или меѓународните организации[18]. (Графикон 12).

[17] Барометарот не го дефинира значењето на терминот „невладини оргаизации“ за целите на истражувањето, па одговорите на ова прашање зависат од перцепциите на пошироката јавност за значењето на овој израз.

[18] Како на пример Обединетите Нации, Светска банка, Меѓународен Монетарен Фонд итн.

**Figure 12 People's trust: whom do people trust the most to fight corruption in their country?**




Source: Transparency International Global Corruption Barometer 2010. Percentages are weighted

Табела 5 ги претставува регионалните разлики при овие оценки. Најголеми сцептици- оние кои не веруваат на ниедна институција- се земјите од Западен Балкан и Турција, ЕУ, поранешните републики на СССР, Монголија и Северна Америка. Значителен дел од испитаниците- четворица од 10- во супсахарска Африка изјавиле дека најмногу им веруваат на владините лидери за да ја водат борбата против корупцијата.

**Table 5 Percentage of respondents who trust the following institutions the most to fight corruption, by region**

| | Asia Pacific | EU+ | Latin America | Middle East and North Africa | NIS+ | North America | Sub-Saharan Africa | Western Balkans+ Turkey | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Media | 34% | 18% | 22% | 21% | 10% | 22% | 15% | 11% | 25% |
| Nobody | 26% | 34% | 30% | 29% | 39% | 33% | 13% | 45% | 25% |
| Government leaders | 17% | 13% | 29% | 28% | 35% | 13% | 40% | 17% | 22% |
| Business /private sector | 10% | 9% | 4% | 3% | 2% | 8% | 17% | 2% | 11% |
| NGOs (Non governmental organisations) | 10% | 9% | 8% | 12% | 5% | 20% | 7% | 14% | 9% |
| International organisations [eg UN, World Bank, International Monetary Fund, etc] | 3% | 18% | 8% | 7% | 8% | 5% | 7% | 10% | 8% |

Source: Transparency International Global Corruption Barometer 2010. Percentages are weighted

Графикот 13 ја истражува поврзаноста помеѓу мислењата за владините напори за борба против корупцијата и јавната доверба во институциите. Не е зачудувачки дека оние испитаници кои што ги сметаат напорите на нивните влади за ефективни имаат доверба во истите. Спротивно на ова, оние испитаници кои се на мислење дека нивната влада не покажува успех во борбата против корупцијата се повеќе наклонети кон тоа да не веруваат дека некој може да ја спречи корупцијата во нивната земја.

**Figure 13 People's trust versus evaluation of government's anti corruption efforts**




Source: Transparency International Global Corruption Barometer 2010. Percentages are weighted

## 5. Луѓето се спремни да се вклучат во борбата против корупцијата

Барометарот за 2010 година ја испитува спремноста на јавноста да се вклучи во борбата против корупцијата. Околу седум од 10 испитаници сметаат дека пошироката јавност може да направи разлика во борбата против корупцијата, а и би поддржале пријател кој би пројавил интерес за ангажман кој води кон остварувањето на оваа цел. Кога биле запрашани за нивната спремност за лична инволвираност бројките до одреден степен се намалуваат: половина од испитаниците изјавиле дека можат да се замислат себе си како стануваат лично инволвирани во борбата против корупцијата, Повисок процент на мажи во споредба со жени изјавиле дека би се вклучиле во борбата против корупцијата (54 % наспроти 45 %) (Анекс Д).

Постојат регионални разлики при подготвеноста за лично ангажирање во борбата против корупцијата. Оваа подготвеност за вклучување е најниска во пацифичка Азија (31 %).

Поранешните републики на СССР и Монголија исто така бележат релативно ниски резултати во овој поглед (53 %) (Графикон 14).

**Figure 14 People's engagement in the fight against corruption, by region**




Source: Transparency International Global Corruption Barometer 2010. Percentages are weighted

Искуствата со поткуп имаат негативно влијание врз верувањето на луѓето дека тие можат да допринесат во борбата. Додека осум од 10 луѓе кои не биле дел од ситуација поврзана со поткуп сметаат дека пошироката јавност може да допринесе во борбата против корупцијата, помалку од седум од 10 испитаници кои искусиле ситуации поврзани со поткуп се на истото мислење. Од друга страна, додека околу седум од 10 испитаници од оние кои не дале поткуп можат да се видат себе си како инволвирани во борбата против корупцијата, само околу пет од 10 испитаници кои платиле поткуп ја покажуваат истата спремност за вклучување во борбата против корупцијата. ( Графикон 15).

**Figure 15 People's engagement in the fight against corruption and their experiences with bribery**




Source: Transparency International Global Corruption Barometer 2010. Percentages are weighted

Барометарот за 2010 година поставува прашање за тоа дали испитаниците би пријавиле случај на корупција. Седум од 10 испитаници одговориле дека би пријавиле таков случај индицирајќи силна подготвеност за вклучување во борбата против корупцијата. Но, седум разлики се забележуваат кога овие наоди ке се разгледаат на регионално ниво. Во Америка и во ЕУ, преовладувачкиот дел од мнозинството (девет од 10 испитаници) би пријавил случај на корупција, но во поранешните републики на СССР и Монголија, само половина од испитаниците би пријавиле случај на корупција. (Табела 6).

**Table 6** : **Percentage of respondents who agree/ strongly agree that they would report an incident of corruption**

| | Percentage |
|---|---|
| **Total** | **71%** |
| North America | 91% |
| Latin America | 90% |
| EU+ | 88% |
| Western Balkans+Turkey | 79% |
| Middle East and North Africa | 73% |
| Asia Pacific | 67% |
| Sub-Saharan Africa | 61% |
| NIS+ | 52% |

Source: Transparency International Global Corruption Barometer 2010. Percentages are weighted.

Оние кои изјавиле дека платиле поткуп во изминатата година се помалку спремни да пријават случај на корупција. Ова е основ за претпоставката дека плаќањето на поткупот доведува до намалување на мотивацијата на испитаниците за вклучување во борбата, како и за намалување на довербата во институционалните процедури кои се воспоставени за борба против корупцијата. (Графикон 16).

Figure 16 People's attitudes towards reporting an incident of corruption and experiences of bribery




Source: Transparency International Global Corruption Barometer 2010. Percentages are weighted and calculated for respondents who came in contact with nine services customs, education system, judiciary, land related services, medical services, police, registry and permit services, utilities, and tax revenue.

**Заклучоци**

Глобалниот корупциски барометар е уникатна алатка која овозможува корисен увид во мислењата на луѓето во врска со корупцијата, како и увид во нивните искуства со поткупот ширум светот. Со истражување на корупцијата и поткупот кај поширокта јавност, се добива база на информации за тоа како корупцијата се пробива во општеството и до кој степен општеството е подготвено да ја поддржи борбата против корупцијата. Барометарот овозможува преглед на секторите кои според мислењето на јавноста се под најсилно влијание на корупцијата и овозможува сеопфатна оценка на борбата на светските лидери за спречување на корупцијата.

Најголемиот дел од луѓето кои се интервјуирани во Барометарот за 2010 се на мислење дека постои зголемување на степенот на корупција во нивните земји во изминатите три години. Ова  јасно им порачува на лидерите ширум светот  дека корупцијата продолжува да ги напаѓа општествата. Механизмите за транспарентност и интегритет мора да се зајакнат.

Перцепциите се во согласност со искуствата на луѓето: Барометарот за 2010 доаѓа до резултати дека проблемот со ситниот поткуп во светски рамки не бележи подобрување при споредба со Барометарот за 2006 ( околу еден од четворица луѓе платил поткуп во изминатата година).

Многу повеќе може да се направи за да се гарантира дека пристапот до основните услуги, од здравство, па се до образование, нема биде загрозен од корупцијата. Институциите кои имаат за задача да ја спречуваат корупцијата и да го применуваат законот, како на пример полицијата и судството, мора добро да функционираат за секого во општеството, без влијанието на корупцијата, кое сеуште постои во монгу делови на светот.

Во најголемиот број земји, јавноста е на мислењето дека политичките партии се институции кои се најмногу подложни на корупција. Овие погледи не само што ја изразуваат негативната слика која испитаниците ја имаат за политичките партии, а за која редовно се известува преку Барометарот, туку ја поткопуваат и основната улога на партиите во демократските процеси.

Додека од една страна напорите за борба против корупцијата се сметаат за неефективни од повеќе од половина од светската јавност, скоро секој четврти испитаник, од друга страна, се уште е на мислење дека владата е институцијата која може најмногу да допринесе во борбата против корупцијата. Оваа наводна разлика можно е да се рефлектира на неколку начини. Една рефлексија е луѓето да чувствуваат обврска, оптимизам, па дури и солидарност во врска со основните цели на владата за владеење врз основа на одговорност, интегритет и транспарентност т.е. од народот и за народот. Од друга страна, постои можност луѓето да се на мислење дека медиумите, како институиција во која еден од четворица испитаници ја има довербата при борбата против корупцијата, се најпогодни за  водење на борбата против корупцијата.

На глобално ниво уште многу мора да се стори за да се гарантира заштита на светската популација од поткупот и корупцијата. Довербата во владите на подолг рок, и покрај поделените

оценки за нивните успеси до сега, овозможува конкретна порака за лидерите: „реагирајте веднаш за да ги задоволите очекувањата на луѓето“. Ризиците кои би настапиле ако ова не се постигне се огромни. Губењето на подршката на јавноста би ги поткопало реализираните напори кои се потребни за запирање и казнување на корупцијата ширум светот.

Добрите вести кои може да се извлечат од Барометарот за 2010 година се дека широката јавност е повеќе од спремна за борба против корупцијата и верува дека може да придонесе во реализација на истата. Оваа енергија и обврска мора да се зачува и одржи, бидејќи ќе овозможи подобрување на доброто владеење, што би било од корист за луѓето и општеството како целина. Јавниот ангажман, реалниот и потенцијалниот, повторно ја истакнува важноста на одговорноста ( на власта и на народот) во креирањето на систем кој ќе ги одбива поткупот и корупцијата.

Земајќи ги во предвид наодите на Барометарот за 2010 година,изборот на сите оние кои сакаат да стават крај на корупцијата е јасен: да се вклучат луѓето, да им се даде моќ, и да се бараат решенија кои ќе бидат во функција на сите и насекаде, а кои ќе ги надградуваат институционалните рамки од значење за оваа кауза. Како резултат на ова, борбата против секој облик на корупција ќе се зајакне со решенија кои ќе се засноваат на широка поддршка од страна на јавноста.